**359°**

– Мрежа за локални и субалтерни херменевтики

359° - E X P O ™

[project_014]

# ЛАГАТА И ВИСТИНАТА

**[модна ревија]**

**ателје Никола Ефтимов**


**Даниела Андоновска**
**Лилјана Митева**
**Милица Мустеникова**





**'степен галерија'**
културна локација 'МЕСТО'
Скопје, 1 ноември 2001



# Даниела Андоновска

architecture





Ателје Никола Ефтимов

Category: experimental




Кога во јануари 2001 година ја презедов новата група ученички по моден дизајн и кога тие ги започнаа вежбите за градење на односот клиент - парче облека, секоја од потенцијалните модни креаторки си одбра клиенти кои се „релаксирани", без предрасуди, слободумни, модерни. Не се сомневав во искреното убедување на нивните ставови, но, сепак посакав да направам мал тест. Тогаш се роди идејата за темата на нивната завршна колекција - „Лагата и вистината". Оваа тема се покажа како мошне податна, не само од аспект на правење етиди за сопствените етички ставови, туку и за дообјаснување на основните постулати на модниот дизајн, а тоа е кревање на облеката на ниво на медиум со кој се коментира, кажува, негира, објаснува. Ова доаѓа оттаму затоа што модниот дизајн кај нас најчесто се сведува на безлично парче трендовска облека пласирана преку трговија со што се банализира нејзината сеопфатна природа што може да се детектира преку нејзините културолошки, социјални, економски, филозофски, правни, моделистички или формални и многу други аспекти.

Како изминуваше времето, а најновите светски и локално-политички настани тоа го потврдија, темата на оваа ревија се покажа мошне актуелна. И самото човечштво на глобално ниво е соочено со повторно препрочитување на многу вредности кои беа столбови на современата цивилизација. Дизајнерот во својата работа е принуден да го чувствува пулсот на духот на времето и како пророк да ги претскаже идните настани. Тоа претскажување или внесување на личниот став треба да биде вистинито, затоа што облеката сепак е наменета некому. Оттаму и дизајнерската интуиција е во функција дури и на модниот бизнис, особено од 80-те години на минатиот век, кога започна да се користи т.н. сигурен концепт на модна понуда, која несмее да биде отфрлена од пазарот.

# Лилјана Митева



'Лагата и вистината'

Секоја од трите млади авторки пријдоа на темата многу лично, избирајќи ги по своите убедувања спротивните начела. Кај Лилјана тоа се вистинската љубов и лажните чувства преку проституцијата, кај Даниела природата и артифициелноста, а кај Милица, пак, детството и бајките.

Лилјана ќе каже: „Ако речам дека секој од нас ја има, ја носи проститутката во себе, можеби ќе звучи премногу излитено. Колку човек за вистински пари (или вистински чувства) го добива она што му следува? Колку секој од нас не си го крпи или склопува мозаикот или распарчената душа, или искинатото срце или разнесениот мозок? Колкумина од нас се чувствуваат разголени и покрај слоевите облека на себеси? Кому му дошло на ум да фрла нешто друго освен цвеќиња? Кој им дава право на многуминката некого да го нарекуваат отпадок на општеството, и зошто токму тој отпадок да не испадне химна на една колекција, причина да се создаде нешто ново, вентил да се искинат многу работи. Не се само очите прозорци на душата, постојат 'прозорци' коишто се кријат, но, некој сака токму нив да ги открие. Некои велат никогаш не е доцна, но, некогаш можеби е прерано, но, секогаш е точно навреме за менување и кршење на одредени застарени норми. Не смее да се отфрлат нештата без тие вистински да се 'погледнат'. Суштината не секогаш лежи во чистотата и невиноста...“ Од дизајнерски аспект, таа своите модели ги концепира како колажи од преостанати парчиња материјал, грубо сошиени, со отвори коишто ги нагласуваат „критичните“ места на телото, слоеви на транспарентни ткаенини кои одново се обојуваат и т.н. Завршницата е дадена преку изгледот дефиниран со актуелниот предимензиониран волумен на косата и шминката на „задимени очи“.

За Даниела, пак: „постоењето на природата како вистина е скриена во бесконечноста и многустраноста и не се открива во појавноста на предметот. Во својата манифестација нема ниту јазик, ниту форма, таа е беспредметна и недофатлива. Природата пред човештвото постои како неменлив чин на вистината, како постојана реалност ... Студија на форма е допирна точка на сите креативни изрази следејќи ги отпечатоците на уметноста, архитектурата и дизајнот...“ Се работи за чист минималистички пристап кој во себе ги носи никулците на идниот израз, којшто покрај формата најверојатно во иднина ќе содржи и други изразни средства како најразлични типови на доработки на површината на облеката. Нејзиниот пристап, по малку скептичен став за одредување на вистината, е обид да се доближи чистиот геометриски израз кон совршената креација на природата.

miteva liljana miljana@freemail.org.mk 070 593 289 miteva liljana miljana@freem
freemail.org.mk 070 593 289 miteva liljana miljana@freemail.org.mk 070 593 289

Конечно, за Милица детството претставува парадигма за вистината, додека, пак, лагата е изразена преку бајките. „Кој не ги помни зборовите на добрата вила упатени со прекор кон Пинокио: лагата, дете мое, веднаш се препознава, бидејќи ја има во два вида: лага со кратки нозе и лага од која расте носот. Дрвената кукла, дете-Пинокио-симбол за лага, од која расте носот не е само сеќавање на детството. Многу карактеристики на Пинокио не следат и нас возрасните во текот на целиот живот. Токму Пинокио, бајките, сказните и, пред сè, детето како негов потрошувач се инспирација за моите модели. Детето, детскиот свет како реалност, вистина и бајките кои не се реални, а им се кажуваат на децата за да им го разубават светот - како убава лага." Користењето на принципот на преземање на одредени предмети од секојдневието коишто имаат емотивна вредност, таа го става во функција на модниот дизајн. Таа своите модели ги концепира како корсети, панталони и други типови облека кои потсетуваат на фотографски албум наполнет со фотокопии од најдрагите, фотографии од нејзиното детство или, пак, на некои други парчиња облека, таа ги везе текстовите од бајките, ги вметнува мотивите од детските цртежи.




*Уживајте во модната презентација*

Со почит,

Никола Ефтимов

# Милица Мустеникова





Ателје **Никола Ефтимов**

бул. Октомвриска револуција 8-1/12
Т: 02 36 40 23
E: chadik@unet.com.mk

просторно и светлосно обликување:

**група А**
a_skmk@yahoo.com
GSM: 53 67 84

звучно обликување:

**Виктор**

Претставувањето, како дел од проектот 'Redifining Cultural Discourses',
е реализирано со финансиска поддршка на:

PRO HELVETIA

Arts Council of Switzerland
Cultural Exchange East - West
Under the auspices of the Swiss Agency for Development and Cooperation

издавач: 359° - Мрежа за локални и субалтерни херменевтики, Скопје;
за издавачот: Небојша Вилиќ; организација на проектот: Александра Зиновски - Вилиќ;
обликување: 'one degree design'; текст: Никола Ефтимов; тираж: 200 копии;
© 2001 359° - NfL&SH и авторите.